Врз основа на член 3 од Статутот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе ” бр. 1/06), Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на 06.04. 2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛОВНИК ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Член 1**

Во Деловникот за работа на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе ” бр. 2/06) во членот 2, по ставот (1), се додава нов став (2) кој гласи:

„Во случај на воена и вонредна состојба или итна и неодложна потреба за одржување на седница на Советот, како и постојаните и повремените комисии, претседателот на Советот и претседателите на комисиите можат да ја отворат и водат седницата на Советот и комисиите со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки)“.

**Член 2**

Во членот 56, по ставот (1), се додава нов став (2) кој гласи:

„Во случај на воена и вонредна состојба или итна и неодложна потреба за одржување на седница на Советот, претседателот на Советот може да ја отвори и води седницата на Советот со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки)“.

Ставот (2) станува став (3).

**Член 3**

Во членот 107, по ставот (1), се додава нов став (2) кој гласи:

„Во случај на воена и вонредна состојба или итна и неодложна потреба за одржување на седница на постојаните и повремените комисии, претседателите на комисиите можат да ја отворат и водат седницата на комисиите со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки)“.

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Свети Николе“.

**Бр. 0801- 767** **Совет на Општина Свети Николе**

**06.04.2020 година** **Претседател,**

**Свети Николе** **Кире Алексов**